Република Северна Македонија,
Национална установа ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА
СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ
Republika e Maqedonisë së Veriut
Institucioni Nacional ENTI I MUZEUT MBROJTJES SË
MONUMENTEVE TË KULTURËS DHE
Бр./Nr. 02-464/1
11.04.2025

Врз основа на член 22 став 1 точка 6 од Статутот на Националната установа Завод за заштита на споменициите на културата и Музеј-Охрид, Управниот одбор на својата шестта седница одржана на ден 11.04.2025 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

## за усогласување на работното време во Управната зграда и во подружниците: Музеј Куќата на Робевци, Галерија на икони, Самуилова Тврдина, Музеј на вода Градиште, музејска зграда Христо Узунов и музејска зграда Григор Прличев

### Член 1

Во Управната зграда на НУ Завод и Музеј – Охрид се утврдува работно време во една смена од 7:30 часот до 15:30 часот, со пауза од 12:00 часот до 12:30 часот, а како неработни денови во неделата се утврдуваат сабота и недела како и неработни денови за државни и верски празници согласно Програма за неработни денови објавена од страна на Министерството за труд и социјална политика.

### Член 2

Се утврдува летно и зимско работно време по подружниците Музеј Куќата на Робевци, Галерија на икони, Самуилова Тврдина и Музеј на вода Градиште. Летното работно време ќе биде во период од 01.05 до 30.09 во календарската година. Зимското работно време ќе биде во период од 01.10 до 30.04 во календарската година.

За неработен ден во неделата во подружниците Музеј Куќата на Робевци, Галерија на икони, Самуилова Тврдина и Музеј на вода Градиште се утврдува понеделник, и следните неработни денови за државни и верски празници и тоа: 01 јануари (Нова Година), 07 јануари (Божиќ) и првиот ден на Велигден според православниот календар.

### Член 3

Во подружницата **Музеј Куќата на Робевци** се утврдува **зимско работно време** во една смена со работно време од 09:00 часот до 15:30 часот, со пауза од 12:00 часот до 12:30 часот.
Во подружницата **Музеј Куќата на Робевци** се утврдува **летно работно време** во две смени и тоа прва смена со работно време од 09:00 часот до 15:30 часот, со пауза од 11:00 часот до 11:30 часот и втора смена со работно време од 13:30 часот до 20:00 часот, со пауза од 17:00 часот до 17:30 часот.

### Член 4

Во подружницата **Галерија на икони** се утврдува **зимско работно време** во една смена со работно време од 09:00 часот до 14:00 часот, со пауза од 12:00 часот до 12:30 часот.
Во подружницата **Галерија на икони** се утврдува **летно работно време** во една смена со работно време од 09:00 часот до 17:00 часот, со пауза од 12:00 часот до 12:30 часот.

Член 5

Во подружницата **Самуилова тврдина** се утврдува зимско работно време во една смена со работно време од 09:00 часот до 15:30 часот, со пауза од 12:00 часот до 12:30 часот.

Во подружницата **Самуилова тврдина** се утврдува летно работно време во една смена со работно време од 09:00 часот до 16:30 часот, со пауза од 12:00 часот до 12:30 часот.

Член 6

Во подружницата **Музеј на вода Градиште** се утврдува зимско работно време во една смена со работно време од 09:00 часот до 15:30 часот, со пауза од 12:00 часот до 12:30 часот.

Во подружницата **Музеј на вода Градиште** се утврдува летно работно време во една смена со работно време од 09:00 часот до 16:30 часот, со пауза од 12:00 часот до 12:30 часот.

Член 7

Во подружницата **музејска зграда Христо Узунов** се утврдува **работно време** во една смена со работно време од 07:30 часот до 15:30 часот, со пауза од 12:00 часот до 12:30 часот. За неработни денови во неделата се утврдуваат сабота и недела како и неработни денови за државни и верски празници согласно Програма за неработни денови објавена од страна на Министерството за труд и социјална политика.

Член 8

Во подружницата музејска зграда Григор Прличев не се утврдува работно време, а објектот ќе се отвара за посетители и за одржување на културни настани по претходно барање доставено до Директорот на НУ Завод и Музеј – Охрид.

Член 9

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави на огласната табла на НУ Завод и Музеј-Охрид.

Член 10

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за усогласување на работното време во Управната зграда и во подружниците: Музеј Куќата на Робевци, Галерија на икони, Самуилова Тврдина, Музеј на вода Градиште, музејска зграда Христо Узунов и музејска зграда Григор Прличев со број 02-122/1 од 30.01.2025 година.

Образложение:

Одлуката се донесува затоа што НУ Завод за заштита за спомениците на културата и Музеј – Охрид нема одговор на барањето за ангажирање на лица со договор на дело од страна на Министерството за финансии.

Доставено до:
- Претседателот и членовите на УО;
-Директорот;
- Правна служба;
- Сметководството;
- Музеј Куќата на Робевци;
- Галерија на икони;
- Самуилова Тврдина;
- Музеј на вода Градиште;
- музејска зграда Христо Узунов;
- архивата на НУ Завод и Музеј-Охрид;
- огласна табла.

Претседател,
Љупка Косаркоска